# Програма за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026)

## БИЛТЕН бр. 15

## ЈАНУАРИ - МАРТ 2025

Во рамките на **Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026)**, ДЦАФ продолжи да ги унапредува напорите за јакнење на разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија, промовирајќи отпорност, демократски вредности и ефективно владеење. Од јануари до март 2025 беа имплементирани разновидни активности таргетирајќи низа корисници, вклучително и Собранието, извршната и правосудната власт, граѓанското општество и медиумите, се со цел да се промовира сеопфатен и инклузивен пристап кон реформите.

**ДЦАФ & Реформата во безбедносниот сектор**

ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор е посветен на подобрување на безбедноста на државите и нивните граѓани во рамки на демократското владеење, владеење на правото, почитување на човековите права и родовата еднаквост. Од своето основање во 2000 година, ДЦАФ придонесе за создавањето на мирот и развојот да бидат поодржливи помагајќи им на државите партнери и меѓународните актери кои ги поддржуваат овие држави, да го подобрат управувањето со нивниот безбедносен сектор преку инклузивни и партиципативни реформи. ДЦАФ креира иновативни производи на знаење, промовира норми и добри практики, обезбедува правни и политички совети и го поддржува градењето капацитети на засегнатите страни и на државниот и на недржавниот безбедносен сектор. ДЦАФ е една од водечките светски организации во управувањето со безбедносниот сектор (УБС) и реформите во безбедносниот сектор (РБС).

Најдобрите моменти од достигнувањата и придонесите на ДЦАФ на меѓународно ниво се прикажани во најновото видео. Исто така, повеќе информации за активностите и перформансот на ДЦАФ во 2023 година може да најдете во последниот извештај.

# РЕЗУЛТАТ II

### ПОДДРШКА НА СОБРАНИЕТО

DCAF продолжува да го поддржува собранискиот кадар во јакнење и институционализирање на надзорот над разузнавањето и безбедноста. По неколкуте таргетирани обуки, DCAF организираше **две работилници за развивање рамка за комуникациски, аналитички и советодавни вештини**, кои се одржаа **во Велес од 27 до 28 јануари и од 24 до 25 февруари 2025 година**. Овие работилници имаа за цел да го зајакнат капацитетот на собранискиот кадар з**а да можат ефективно да ги анализираат информациите поврзани со безбедноста, да даваат стратешки совети и да ги соопштат наодите од надзорот на јасен и убедлив начин.** Сесиите исто така поттикнаа взаемно учење од колегите и меѓуинституционална размена на практични искуства.



Работилници за собранискиот кадар, јан.-фев. 2025, Велес

### ПОЛИЦИСКИ ИНТЕГРИТЕТ

Со поддршка на ДЦАФ имплементацијата на **Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи 2023-2025** продолжува да напредува. Преку обезбедување стратешки насоки и постојана поддршка ДЦАФ одигра клучна улога во потпомагање на имплементацијата, следењето и евалуацијата на планот. По одржаната работилница организирана од страна на ДЦАФ **од 30 јануари до 1 февруари** со цел да се оцени **втората година од имплементацијата**, Одделот за внатрешна контрола го објави вториот јавен годишен извештај. Овој сеопфатен извештај е достапен на веб-страницата на Министерството на македонски, албански и англиски јазик. Гледајќи напред, Одделот за внатрешна контрола останува посветен на извршување на **Акцискиот план за 2025 година**, заедно со ДЦАФ кој ќе продолжи да му дава поддршка во сите фази на имплементација, следење и евалуација.

Линк до извештаите:

**MK** **ALB** **ENG**



**АГЕНТ НА ПРОМЕНИ - новинарот Миомир Серафиновиќ**

Преку настаните на ДЦАФ го продлбочив моето аналитичко известување за теми од областа на безбедносните реформи и безбедносниот сектор, и осознав како се креира политика во таа област, особено во деловите за спречување на злоупотреби и заштита на човековите права. Најзначајно е што заедно со DCAF успеавме да изградиме солидна група - вистински тим од невладини претставници, новинари, поранешни припаднички(ци) на безбедносните служби со кои заедно успеавме да ги артикулираме граѓанските потреби пред засегнатите странки: пратеници, претставници на Народниот правобранител, судии и обвинители. Основата за анализа на јавните информации ми беа искуствата на колегите од работилниците и фидбекот кој го добив за моето известување за потребата и изборот на Граѓански Совет за надзор врз мерките на следење на комуникации. Ќе ја истакнам и размената на ставови за предложената реформа на тајните служби и заклучокот дека има потреба за известување на таа сензитивна тема. **„Јас сум #АгентнаПромена бидејќи промената почнува од себе, од своите искуства и нови знаења. Од деталите кои си ги усвоил.“**

Во согласност со програмските приоритети на DCAF за градење капацитети на вработените во Министерството за внатрешни работи (МВР) за јакнење на механизмите за внатрешна контрола и поефективно спречување на корупцијата и нарушувањата на интегритетот, на **5 март 2025** се одржа дискусија на високо ниво на **тркалезна маса за Полициски интегритет: улогите и одговорностите на полициските раководители**. На овој настан се собраа помошници на Министерот и началници на Секторите за внатрешни работи за да разговараат за менаџерските одговорности во промовирањето на интегритетот и отчетноста. Тркалезната маса ја истакна важноста на лидерството во поттикнувањето на етичкото однесување, споделувањето на најдобрите практики и унапредувањето на напорите во борбата против корупцијата. Како прв настан од ваков вид за раководителите од средно и високо ниво на МВР, ја постави основата за годишна платформа за поддршка на професионалното и етичко полициско работење.



Работилница за изработка на Годишниот извештај за 2024 год. за спроведување на Акцискиот план за интегритет на МВР, јан. 2025, Охрид



Тркалезна маса за полициски интегритет, март 2025, Скопје

## ПОДДРШКА НА РАЗУЗНАВАЧКАТА ЗАЕДНИЦА

Во периодот **од 10 до 14 март 2025 година во Гевгелија**,

ДЦАФ организираше **обука на обучувачи (ОО) за претставници на Воената служба за безбедност и разузнавање (ВСБиР)** при Министерството за одбрана. Обуката ја зголеми стручноста на персоналот на ВСБиР преку зајакнување и проширување на нивното знаење за напредни методологии за држење обуки за воено разузнавање и добро владеење. Сесиите беа придружени со симулирани случаи од праксата и симулациски вежби. По завршувањето на напредната ОО, обучените обучувачи ќе одржат два сеопфатни курса на персоналот на ВСБиР, што ќе им овозможи да ги применат своите новостекнати вештини во пракса.



ОО за персоналот на ВСБиР, март 2025, Гевгелија

## ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА АВТОМАТСКА РАЗМЕНА НА ПОДАТОЦИ

**Првиот состанок на тематската работна група за практична и техничка имплементација на Договорот Прум од Конвенцијата за полициска соработка (КПС Прум)** кој се фокусираше на автоматска размена на податоци за регистрација на возила (ПРВ) се одржа **во Виена од 26 до 28 март 2025**. Претставници од Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија од одделите за граѓански работи и телекомуникации активно учествуваа на оваа работилница и ги презентираа прогресот, плановите, и клучните потреби на државата за **операционализација на автоматизираната размена на ПРВ** во рамки на КПС Прум.

Со помош на ДЦАФ, МВР ги комплетираше сите потребни подготовки за да се поврзе на безбедносната мрежа на ЕУ - TESTA-ng. Во координација со новоформираното Министерство за дигитална трансформација кое е национално контакт тело за DG DIGIT, МВР е добро позиционирано за интеграција во системот. Мрежата TESTA-ng поддржува безбедна автоматска размена на биометриски и идентификациски податоци, вклучително и ДНК, отпечатоци од прсти и регистрација на возила, во рамките на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа - вообичаено наречена „мини Прум“



Прв состанок на работната група за автоматизирана размена на податоци за регистрација на возила, март 2025, Виена

### Програма за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија

*Април 2021 - март 2026*

Базирајќи се на неодамнешните достигнувања, целта на оваа програма е да продолжи со процесот на демократски реформи во рамките на безбедносниот сектор на Северна Македонија. Стратегијата за интервенција има за цел да осигура дека разузнавачките и безбедносните служби во Северна Македонија ефективно функционираат под активна демократска контрола и надзор и борба против сериозен и организиран криминал и спречување корупција во согласност со добрите практики на отчетност и почитување на човековите права.

Програмата е структуирана за да постигне три резултати:

**Резултат I**: Правната и институционалната рамка на разузнавачкиот сектор во Северна Македонија е изменета во согласност со релевантните евро-атлантски принципи и добри практики на отчетност и почитување на човековите права.

**Резултат II**: Надворешните тела за надзор и контрола имаат подобрено знаење и капацитет за спроведување ефективен и транспарентен надзор и контрола врз активностите на секторот за разузнавање.

**Резултат III**: Јавноста е информирана за функционалноста и резултатите од безбедносниот и разузнавачкиот систем на отчетност.

**Развојни партнери**: Швајцарија (Швајцарска агенција за развој и соработка - СДЦ), Шведска (Шведска агенција за меѓународна развојна соработка - Сида), Холандија (Министерство за надворешни работи) и Европската Унија.

**Партнери во Република Северна Македонија**:

- Собрание на Северна Македонија
- Кабинет на премиерот
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за одбрана
- Безбедносни и разузнавачки служби
- Оперативно-техничка агенција (ОТА)
- Агенција за заштита на личните податоци
- Дирекција за безбедност на класифицирани информации
- Академија за судии и јавни обвинители
- Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
- Други судови и судски институции
- Народен правобранител
- Државен завод за ревизија
- Граѓански организации и медиуми.

### ПРОМОВИРАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

Работилница за ревизија на Родовиот акциски план на МО, фев. 2025, Велес



**Од 10 до 11 февруари 2025 година во Велес** се одржа **работилница за ревидирање на Родовиот акциски план (РАП) на Министерството за одбрана (МО)**, на која се собраа членовите на работните групи од МО и Армијата на Северна Македонија. РАП служи како стратешка рамка и ги изложува мерките, целите и механизмите за отчетност за да се промовира инклузивност, еднаквост и усогласување со меѓународните стандарди. Поради неодамнешните структурни промени во Министерството за одбрана, работилницата се фокусираше на **ревидирање на застарените делови и подобрување на практичната релевантност на РАП**. Исто така, обезбеди платформа за учесниците да придонесат за подобрување на јасноста, ефективноста и применливоста на документот како алатка за планирање и донесување одлуки. ДЦАФ ќе продолжи да го поддржува МО во имплементацијата на ревидираниот РАП.

# РЕЗУЛТАТ III

### СОРАБОТКА СО ПРАВОСУДСТВОТО

На **12 март 2025** ДЦАФ ја промовираше **истражувачката иницијатива за судската практика поврзана со овластувањето и спроведувањето на посебните истражни мерки (ПИМ)** во Северна Македонија. Оваа активност беше иницирана по барање на Академијата за судии и јавни обвинители за време на состаноците на правосудната управна група и целта на оваа иницијатива е да се подобри транспарентноста и отчетноста при користењето на ПИМ. DCAF ја поддржа Академијата во овие напори и помогна во развивањето на сеопфатна методологија за истражување. Оваа заеднички договорена алатка овозможува систематска квантитативна и квалитативна анализа на судските практики базирани на вистински судска случаи и одлуки. Методологијата служи и како рамка за следење за тековната евалуација на овластувањето и спроведувањето на ПИМ.

Истражувањето ќе го спроведе посветена работна група составена од претставници на Академијата и членови на правосудната група со судии и обвинители. Истражувањето започна со **фокус групи** со судии, јавни обвинители, претставници од МВР и правни експерти кои се одржаа **од 24 до 25 март 2025 во Скопје** и кои дадоа инпут и го збогатија истражувањето со практични согледувања. Како следен чекор на истражувачкиот процес, ќе се одржат неколку работилници со работната група за анализа на резултатите од интервјуата и од анализата на секундарни извори на податоци (деск истражување), преглед и споредба на собраните податоци и за концепирање и изготвување на извештајот од истражувањето.

Почетен настан и фокус групи за истражувањето на ПИМ, март 2025, Скопје



## ЈАКНЕЊЕ НА ГРАЃАНСКИОТ НАДЗОР

DCAF, исто така, продолжи со **програмата за обука на обучувачи (ОО)**, посветена на подобрување на вештините на претставниците од граѓанските организации, медиумите и Собранискиот канал на Северна Македонија. **Помеѓу 23 и 25 јануари 2025** година, се одржа 5-та ОО во Велес. Петтата ОО вклучи модули фокусирани на техники за помнење во тек на учење, глас и дикција, ефективен јазик и стил на комуникација, говор на телото и примена на реторички принципи за јакнење на јасноста, убедувањето и вклученост на јавноста. Оваа иницијатива има за цел **да ги поттикне граѓанските организации и медиумските професионалци со напредни знаења и вештини за ефективно ширење на информациите за управувањето и реформите во безбедносниот сектор** низ нивните организации и мрежи, истовремено зајакнувајќи ги механизмите за надзор и одговорност.

ОО бр. 5 за ГО, медиумите и Собранискиот канал, јан. 2025 Велес



### Развојно партнерски механизам за управување

За Програмата, избран е обединет механизам за финансирање и до декември 2021 година четири развојни партнери дадоа придонес. Тие се: Швајцарија (прибл. 1’500’000 CHF), Шведска (прибл. 1’310’000 CHF), Холандија (780’000 CHF) и Европската унија (прибл. 320’000 CHF). Заедно со основниот буџетски придонес на ДЦАФ и поддршката од националните партнери корисници преку обезбедување канцелариски простор, места, техничка опрема, локален транспорт и експерти, комбинираниот вкупен буџет за периодот 2021-2026 година изнесува прибл. CHF 5’750’000.

Со Програмата се раководи преку сет од Управувачки групи со националните партнери -корисници и од Управувачка група на развојни партнери (УГРП). УГРП е составена од Амбасадори и програмски персонал што ги претставува развојните партнери. Тие активно се вклучуваат во Програмата преку обезбедување политичка и стратешка поддршка и насоки, ублажување на ризиците и зголемување на ефективноста на имплементацијата. Состаноците на УГРП се одржуваат два пати годишно и се одржуваат во мисиите на развојните партнери на ротациона основа.

## ПОДДРШКА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Во Велес во периодот **од 10 до 11 февруари 2025** година се одржа **работилница за изработка на листа за проверка („чек-листа“) за вршење надзорни посети од страна на Народниот правобранител**. Настанот им овозможи на учесниците да добијат компаративни сознанија, практични алатки и интерактивни вежби за подобрување на нивното разбирање и капацитети за ефективен надзор, вклучувајќи развој на внатрешни процедури и симулација на реалистични практики за надзор. Работилницата се фокусираше на **структурирање и финализирање на стандардизирана алатка за**

Работилница за канцеларијата на Народниот правобранител, февруари 2025, Велес



**насочување и подобрување на ефективноста на надзорните посети од страна на Народниот правобранител во Северна Македонија.** Откако ќе биде финализирана, листата за проверка ќе послужи како практична рамка за да се осигури дека сите критични аспекти на надзорот биле систематски адресирани. Работилницата поттикна дискусии меѓу експертите и засегнатите страни за да се осигураат дека чек-листата е усогласена со законските мандати, оперативните потреби и глобалните стандарди за надзор и управување.

Работилница за канцеларијата на Народниот правобранител, февруари 2025, Велес



## ИДНИ АКТИВНОСТИ

### АПРИЛ – ЈУНИ 2025

- Прва работилница за класифицирани информации
- Четврта работилница со повеќе засегнати страни за пратеници, граѓански организации (ГО) и медиуми за пост-законодавна контрола
- Четврта работилница со повеќе засегнати страни
- Работилница за примена на комуникациски и советодавни вештини за пратеници и собранискиот кадар
- Работилница и интервјуа со судии и обвинители за истражувачка анализа на ПИМ
- Работна посета на Академијата за правда на Турција
- Работилници за проектен менаџмент и буџетирање за Академијата за судии и јавни обвинители
- Прва работилница за истражувачката анализа на ПИМ
- Работилници за стратешко планирање и комуникација за Академијата за судии и јавни обвинители
- Годишен состанок на Одделите за форензика за тековните активности и размена на податоци
- Промоција на извештајот за Родова самопроценка и родовиот акциски план
- Објава на мини-документарна приказна за процесот на родовата самопроценка
- Работилница за изработка на рамка за евалуација, мониторинг и известување за Родовиот акциски план
- Прва работилница за изработка на преглед на наставната програма за специјализирани стручни студии, УГД Штип
- Заедничка работилница помеѓу УГД и групата на граѓански организации и медиуми: Инпут од ГО и медиуми

**НАЈДЕТЕ НЕ, СЛЕДЕТЕ НЕ:**